# З А П И С Н И К

Од 38 -та седница на Советот на Општина Крива Паланка, одржана на 15.03.2024 година (петок) во салата на општина Крива Паланка'' со почеток во 09 :00 часот.

**ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРИСУСТВО НА СЕДНИЦА**

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка, Изабела Павловска.

Од 19 советници во Советот на општина Крива Паланка, на седницата беа присутни 19 советници.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**:

1. ИЗАБЕЛА ПАВЛОВСКА,

**СОВЕТНИЦИ**

2. МИХАИЛ ДЕЈАНОВСКИ
3. ТАЊА ДЕЈАНОВСКА МИТРОВСКА
4. НИКОЛА ЈАКИМОВСКИ
5. МЕРИ МИТРОВСКА ЈОВАНОВСКА
6. ВЛАТКО С.РИСТОВСКИ
7. МАРТИН ПОЦЕВСКИ
8. БИЛЈАНА КРСТЕВСКА
9. ДАНИЕЛ АНЃЕЛОВСКИ
10. СРЕТИМИР НИКОЛОВСКИ
11. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ
12. АЛЕКСАНДРА ЈОВАНОВИЌ
13. ЕМИЛ СПАСОВСКИ
14. ВИОЛЕТА СТАНКОВСКА СТАНОЈКОВСКА
15. ВЛАТКО Д.РИСТОВСКИ
16. ЛЕНЧЕ ИЛИЕВСКА
17. МЕНДЕ РИСТОВСКИ
18. МОМЕ КРСТЕВСКИ
19. СЛАВИЦА ПЕТКОВСКА

Претседателот со Советот констатираше дека на седницата присуствуваат мнозинството советници на Советот и дека Советот може полноважно да одлучува.

На седницата исто така присуствуваа и:

Градоначалник на општина Крива Паланка Сашко Митовски
Секретар на општина Крива Паланка Мартин Николовски
Раководител на раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на Градоначалникот Даниела Велковска
Раководител на Сектор за урбанизам,сообраќај,заштита на животна средина и комунална инфраструктура Маја Костадиновска
Раководител на Одделение за комунална инфраструктура и сообраќај Никола Граматиков
Раководител на Одделение на подршка на градоначалник,односи со јавност и информатичка технологија Сања Стојановска
Раководител на инспекциски надзор Бранко Велиновски
Раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграции Антонио Давитковски
Директор на ЈП Комуналец Мирка Јакимовска
Советник – овластен сметководител Димитар Петровски
Директор на ЈП Калин Камен Јорданчо Миневски
Директор на ООУ Илинден Лорета Димитровска
Директор на СОУ Ѓорче Петров Елена Ѓорѓиевска
Директор на ЛУ Градски музеј Драган Величковски
Директор на ОУД Боро Менков Бранко Стаменковски
Ангела Тасевска -книговодител

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од 36-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 17 гласа ЗА.

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од 37-та седница на Совет и истиот беше усвоен со 17 гласа ЗА.

Председателот со Советот го стави на усвојување записникот од вонредна седница на Совет и истиот беше усвоен со 17 гласа ЗА.

Советничката Ленче Илиевска побара точка 18. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на барање доставено од странката" да се тргне од дневен ред на денешната седница бидејќи во изборен период не треба да се ставаат вакви точки а истата да биде ставена по завршувањето на изборниот процес.

Раководител на раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на Градоначалникот Даниела Велковска даде објаснување дека и покрај тоа што точката е ставена на дневен ред на денешната седница средствата ќе се исплаќаат после изборниот циклус.

Според советничката Ленче Илиевска тогаш не е проблем точката да биде повлечена и пак да биде ставена после изборниот процес.

Предлогот на советничката Ленче Илиевска за повлекување на точка 18 од дневен ред на седницата не беше усвоен со 6 гласа ЗА и 12 воздржани.

**Д н е в е н   р е д:**

1. Информација за преземени мерки и активности на СВР Куманово ОВР Крива Паланка во текот на второто полугодие од 2023 година;
2. Предлог – Одлука за усвојување на Извештај по Програмата за работа на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка за 2023 година;
3. Предлог – Одлука за усвојување на Годишен финансиски извештај за работа на ЛУ „Градски Музеј“ – Крива Паланка за 2023 година;
4. Предлог – Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка за 2023 година;
5. Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на Општинска јавна установа за деца – Детска градинка „Детелинка“ Крива Паланка за 2023 година;
6. Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на Основното училиште „Илинден“ Крива Паланка за 2023 година;
7. Предлог-Одлука за усвојување на Завршна сметка на Основното училиште „Јоаким Крчовски“ Крива Паланка за 2023 година;
8. Предлог-Одлука за усвојување на Завршна сметка на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ Крива Паланка за 2023 година;
9. Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за 2023 година;
10. Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈП „Комуналец“ Крива Паланка за 2023 година;
11. Предлог-Одлука за усвојување на Програмата за работа на ЈП Комуналец за 2024 година;
12. Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈП „Калин Камен “ Крива Паланка за 2023 година ;
13. Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за IV квартал за 2023 година;
14. Предлог- Предлог- Одлука за усвојување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година;
15. Предлог-Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „Св.Јоаким Крчовски„ Крива Паланка ;
16. Предлог-Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2024 година;
17. Предлог-Одлука за доделување на признание за Најуспешен просветен работник во одделенска настава и признание за Најуспешен просветен работник во предметна настава во основно и средно образование на територијата на Општина Крива Паланка за учебната 2023/2024 година;
18. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на барање доставено од странката“;
19. Предлог-Одлука за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка;
20. Предлог- Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка;

21. Предлог-Одлука за  давање согласност на Одлука за обезбедување на бесплатен термин за користење на спортски објекти ;
22. Предлог-Одлука за  Субвенционирање на Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енргетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка;
23. Предлог-Одлука за  давање во трајна сопственост на опрема на ЈОУДГ „Детелинка“ - Крива Паланка
24. Предлог-Програма  за  изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2024 година;
25. Предлог-Одлука  за  давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант,   меѓу Општина Крива Паланка и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија;
26. Изјава
27. Предлог – Одлука за  утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за  к.п.бр. 149/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка;
28. Предлог – Одлука за  утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за  к.п.бр.260/1 и дел од к.п.бр.261 во КО Варовиште, Општина Крива Паланка  ;
29. Предлог – Одлука за  утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.9373 во КО Градец, Општина Крива Паланка;
30. Предлог – Одлука за  утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за  к.п.бр.3508 и дел од к.п.бр.6566/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка;
31. Предлог – Одлука за  утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.260/1 и дел од к.п.бр.261 во КО Варовиште, Општина Крива Паланка;
32. Предлог – Одлука за  утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.9380 во КО Градец, Општина Крива Паланка;
33. Предлог – Одлука за  утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3316/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка,
34. Предлог-Одлука за  измена и дополнување на одлуката  за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка  за 2024 година .

Председателот со Советот  го стави на усвојување дневниот ред на  38-та седница на Совет  и истиот е  усвоен со 12 гласа ЗА и 6 воздржани

**РАСПРАВА ПО ТОЧКА ОД ДНЕВЕН РЕД**

1.Информација за преземени мерки и активности на СВР Куманово ОВР Крива Паланка во текот на второто полугодие од 2023 година;

Советничката Виолета С.Станојковска побара објаснување зошто во извештајот нема наведено обид за телефонски измами и дали има пријави до нив и дали е преземено нешто по однос на тие пријави.Исто така советничката побара објаснување дали имаат информација за злоупотреба на мопеди без положен возачки испит од страна на малолетни лица.

Командирот на ПС ОН Крива Паланка даде објаснување

Според советничката Виолета С.Станојковска треба да се постапува неселективно спрема сите ученици .

2.Предлог – Одлука за усвојување на Извештај по Програмата за работа на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Извештај по Програмата за работа на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка за 2023 година;**

3.Предлог – Одлука за усвојување на Годишен финансиски извештај за работа на ЛУ „Градски Музеј“ – Крива Паланка за 2023 година;

Претседателката на комисијата за финансии и локален економски развој Тања Д.Митровска даде образложение за одржаната комисија каде била разгледана предлог-одлуката како и за сите останати предлог одлуки што беа на дневен ред за комисијата и истите беа усвоени со 3 гласа ЗА.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Годишен финансиски извештај за работа на ЛУ „Градски Музеј“ – Крива Паланка за 2023 година;**

4.Предлог – Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе - Предлог – **Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЛУ Градски музеј – Крива Паланка за 2023 година;**

5.Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на Општинска јавна установа за деца – Детска градинка „Детелинка“ Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Завршна сметка на Општинска јавна установа за деца – Детска градинка „Детелинка“ Крива Паланка за 2023 година;**

6.Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на Основното училиште „Илинден“ Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,12 гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Завршна сметка на Основното училиште „Илинден“ Крива Паланка за 2023 година;**

7.Предлог-Одлука за усвојување на Завршна сметка на Основното училиште „Јоаким Крчовски“ Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Завршна сметка на Основното училиште „Јоаким Крчовски“ Крива Паланка за 2023 година;**

8.Предлог-Одлука за усвојување на Завршна сметка на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,13 гласа ЗА и 5 воздржани ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Завршна сметка на Средното општинско училиште „Ѓорче Петров“ Крива Паланка за 2023 година**

9.Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советничката Виолета С.Станојковска постави прашање до директорот зошто во ставката за потрошени средства е наведено дрва кога во интернатот загревањето е на пелети.Исто така зошто има ставено патни трошоци за ученици кога тие престојуваат во интернат и зошто се исплаќа превоз на вработените.

Директорот Бранко Стаменковски даде објаснување

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Завршна сметка на Општинскиот ученички дом „Боро Менков“ Крива Паланка за 2023 година;**

10.Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈП „Комуналец“ Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Според советникот Емил Спасовски 2 години се зборува за лошата финансиска состојба на претпријатието и побара од директорката да даде одговор што има таа преземено за решавање на лошата состојба на ЈП Комуналец.

Директорката Мирка Јакимовска даде образложение што има преземено за овој краток период од кога таа е поставена за директор на претпријатието.

Според советникот Емил Спасовски со мерките што се имаат преземено да се надеваме дека и во наредната завршна сметка за 2024 година нема да стои дека претпријатието работи со загуба.

Според советничката Тања Д.Митровска би требало да се направи анализа да се види зошто се јавува минусното салдо на претпријатието да не се кажуваат невистини пред граѓаните.Советничката даде свое видување по однос на секоја ставка каде има загуба препријатието но и по однос на позитивната страна.

Според Градоначалникот на општината треба да се разговара и дискутира за сите состојби и проблеми да се направи анализа од каде генерираат истите а не е во ред само да се напаѓа треба да се има соодветни аргумнти за тоа.

Советничката Виолета С.Станојковска упати реплика до градоначалникот дека кога е критикуван не може да го поднесе истото се коментира дека опозицијата добива политички поени со тоа што не е така.Според советничката две години јасно се гледа дека во ЈП Комуналец работите не се како што треба сега и со завршната сметка се потврдува тоа не би требало да се обвинуваат претходите раководители би требало да се најде начин да се реши проблемот да се направи нова систематизација не да се префрлува вината од едни на други и кога некој е одговорен за нешто треба да сноси одговорност за направеното.

Според советничката Тања Д.Митровска не треба толку бурна реакција за излагањето на градоначалникот тој е одговорен и добро е што сака да даде известување и информација за работата на ЈП Комуналец.

Според советничката Виолета С.Станојковска дали не е политички говор кажаното од страна на градоначалникот во своето излагање дека одредени раководители прават опструкција во работењето и поради тоа ЈП Комуналец работи со загуба.

Според советничката Тања Д.Митровска  градоналаникот мислел на луѓето кои се активисти во моментот на ВМРО-ДПМНЕ.

Според советничката Виолета С.Станојковска значи пак се прави поделба на наши и ваши што не е во ред надвор од работното време и место може било кој да биде активист на било која политичка партија но за време на работа треба да бидат професионалци.

Според советникот Никола Јакимовски кога се зборува за држење на ниво проблемот треба да се погледне од почеток не може прашање поставено од советник кое прашање е за седница за советнички прашања а не по дискусија за завршна сметка да не ви пречи а одговор на градоначалникот на истото тоа прашање да биде проблем и да пречи.Треба да се држиме до ниво и да се знаат правата кога треба да се јавуваат советниците по дневниот ред и по точката за која се дискутира а не  цел ден ќе се збори за политика и општи работи.Според советникот тука треба да заврши дискусијата  по општи теми а ако некој сака се јави за збор да дискутира по завршната сметка тоа би било во ред.

Советничката Ленче Илиевска имаше контра реплика до колегата Никола Јакимовски дека требало да се јави за збор и кога советниците од опозицијата биле  критикувани по однос на дискусиите и им бил одземен зборот тогаш би биле  реални но сега секако дека не.Исто така кога се јавила  за збор прашала за што се дискутира за извештај за работа на претпријатието или за завршна сметка.Ако се дискутира за извештај за работа во ред би бил говорот на градоначалникот и неговите размислувања но по однос на завршна сметка на претпријатие  требало да се задржи на дадените бројки како што било  од страна на колешката во нејзиното излагање и не би имало никаков коментар.Како реплика до колешката Тања Д.Митровска  дека  политичко во говорот на градоначалникот  во својата дискусија е  кажаноното од негова страна   дека проблемите се од времето на директорите на ВМРО-ДПМНЕ и дека  сега тие ќе го решат проблемот и ќе ја подобрат работата на ЈП.

Советникот Влатко Д.Ристовски упати реплика до градоначалникот дека тој ссекогаш ги префрлува проблемите на претходниците за да се избегне одговорноста за последните  две години.Финансиската ситуацијата во ЈП е многу лоша во последните две години од работењето како градоначалник и би требало да се дискутира сериозно и би требало да се остави претпријатието само да си ја врши работата и да не се меша во нивното работење бидејќи си имаат програма за работа и финансиски план за работа што требат сами  да го спроведат.

Градоналаникот по однос на дискусија од страна на советникот Влатко Д.Ристовски за кажаното дека не треба да се меша во работата но тој како градоначалник   има одговорност даден пред грѓаните во изборната програма и дека тој сака да ги решава и да им помага во проблемите во нивната агенда и начинот на работата бидејќи ЈП е главна слика на општината.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 против  ,Советот донесе - **Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈП „Комуналец“ Крива Паланка за 2023 година;**

11.Предлог-Одлука за усвојување на Програмата за работа на ЈП Комуналец за 2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА, Советот донесе- **Одлука за усвојување на Програмата за работа на ЈП Комуналец за 2024 година;**

12.Предлог – Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈП „Калин Камен “ Крива Паланка за 2023 година ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Завршна сметка на ЈП „Калин Камен “ Крива Паланка за 2023 година**

13.Предлог-Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за IV квартал за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Никола Јакимовски во својата дискусија имаше дадено свое видување по однос на ставките дадени по однос на оваа точка.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 против ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка К1 , К2 и К3 за IV квартал за 2023 година;**

14.Предлог- Одлука за усвојување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 18 советници ,13 гласа ЗА и 6 против ,Советот донесе- **Одлука за усвојување на Завршна сметка на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2023 година**

15.Предлог-Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „Св.Јоаким Крчовски„ Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 17 советници ,11 гласа ЗА и 6 против ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност на измената на годишниот план за вработување за 2024 година на ООУ „Св.Јоаким Крчовски„ Крива Паланка ;**

16.Предлог-Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2024 година;**

17.Предлог-Одлука за доделување на признание за Најуспешен просветен работник во одделенска настава и признание за Најуспешен просветен работник во предметна настава во основно и средно образование на територијата на Општина Крива Паланка за учебната 2023/2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за доделување на признание за Најуспешен просветен работник во одделенска настава и признание за Најуспешен просветен работник во предметна настава во основно и средно образование на територијата на Општина Крива Паланка за учебната 2023/2024 година;**

18.Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска активност „Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на барање доставено од странката";

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 против ,Советот донесе- **Одлука за одобрување на финансиски средства за реализација на програмска**

**активност „Обезбедување на еднократна парична и материјална помош (градежни материјали), на лица во ризик, лица кои претрпеле елементарни непогоди и несреќи, лица не способни за работа, лица со попречености, стари лица по основ на барање доставено од странката”;**

19.Предлог-Одлука за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка;

Раководител на раководител на сектор за правни работи, јавни дејности и поддршка на Градоначалникот , Даниела Велковска дада обрзложение.

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за прифаќање на иницијативата за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка**;

20.Предлог- Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе- **Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка**

21.Предлог-Одлука за давање согласност на Одлука за обезбедување на бесплатен термин за користење на спортски објекти ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Советникот Менде Ристовски постави прашање зошто во одлуката терминот е ограничен до 16 часот.

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19 гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност на Одлука за обезбедување на бесплатен термин за користење на спортски објекти ;**

22.Предлог-Одлука за Субвенционирање на Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енргетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,13 гласа ЗА и 6 воздржани ,Советот донесе- **Одлука за Субвенционирање на Јавното Претпријатие за дистрибуција на природен гас и енргетски дејности „Калин Камен“ Општина Крива Паланка;**

23.Предлог-Одлука за давање во трајна сопственост на опрема на ЈОУДГ „Детелинка“ - Крива Паланка

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање во трајна сопственост на опрема на ЈОУДГ „Детелинка“ - Крива Паланка**

24.Предлог-Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2024 година;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Програма за изменување и дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Крива Паланка за 2024 година;**

25.Предлог-Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, меѓу Општина Крива Паланка и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, меѓу Општина Крива Паланка и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија**

26.Изјава

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Изјава**

27.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 149/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр. 149/1 во КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка;**

28.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.260/1 и дел од к.п.бр.261 во КО Варовиште, Општина Крива Паланка ;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.260/1 и дел од к.п.бр.261 во КО Варовиште, Општина Крива Паланка ;**

29.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.9373 во КО Градец, Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.9373 во КО Градец, Општина Крива Паланка;**

30.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3508 и дел од к.п.бр.6566/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3508 и дел од к.п.бр.6566/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка;**

31.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.260/1 и дел од к.п.бр.261 во КО Варовиште, Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.260/1 и дел од к.п.бр.261 во КО Варовиште, Општина Крива Паланка**

32.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.9380 во КО Градец, Општина Крива Паланка;

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.9380 во КО Градец, Општина Крива Паланка;**

33.Предлог – Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3316/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка,

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши усогласување на намените за к.п.бр.3316/1 во КО Конопница, Општина Крива Паланка**

34.Предлог-Одлука за измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година .

Претседателот со Советот отвори расправа по точката

Откако никој друг не се јави за збор,Претседателот со Советот ја стави на гласање точката. Од присутни 19 советници ,19гласа ЗА ,Советот донесе- **Одлука за измена и дополнување на одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2024 година .**

Записничар<br>Клара Стевановска

Претседател на Совет<br>Изабела Павловска